Република Северна Македонија
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
Правен факултет "Јустинијан Први"
Бр. 02-96/10
31 01 2022 год.
СКОПЈЕ

Сејсанон

Врз основа на член 110, став 1 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ“ бр. 82/2018 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 178/2021) и член 58, став 1 од Статутот на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 454, 16 октомври 2019 година), Наставно-научниот совет на седницата одржана на 28.01.2022 година, ја донесе следнава

**ОДЛУКА**
**за начин на реализација на наставата на втор циклус студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје во летен семестар во учебната 2021/2022 година**

1. Наставата на втор циклус студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје во летниот семестар во учебната 2021/2022 година ќе се спроведува online со примена на видеоконференциската платформа Microsoft Teams или на друга видеоконференциска платформа (ZOOM, CISCO WEBEX и др.), при што трошокот за користење на другите видеоконференциски платформи го сноси предметниот наставник кој се одлучил за нивно користење.
2. Секој наставник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје е должен да отвори линк за спроведување настава на видеоконференциската платформа Microsoft Teams или на друга видеоконференциска платформа која ќе ја користи, согласно одлуката за распоред на работни задачи и распоредот за настава за учебната 2021/2022 година.
3. По исклучок, по желба на предметниот наставник, наставата на втор циклус студии во летниот семестар во учебната 2021/2022 година може да се спроведува и со физичко присуство, со доследно почитување на протоколите за заштита од внесување и ширење на вирусот Ковид-19.
4. Наставниците кои во летниот семестар во учебната 2021/2022 година ќе спроведуваат настава со физичко присуство, должни се за тоа писмено да го известат продеканот за настава на Факултетот, најдоцна до почетокот на наставата во летниот семестар.
5. За студентите кои нема да бидат во можност да присуствуваат на настава со физичко присуство, кадешто истата е организирана со физичко присуство, ќе им биде овозможено да се приклучат во текот на наставата online.
6. Секој наставник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје е должен да отвори линк за online приемно време за консултации со студенти, на видеоконференциската платформа Microsoft Teams или на друга видеоконференциска платформа која ќе ја користи, коешто online приемно време ќе биде објавено на интернет страната на Факултетот.
7. Наставниците кои во летниот семестар во учебната 2021/2022 година ќе спроведуваат настава и консултации со студенти online со примена на други видеоконференциски платформи (ZOOM, CISCO WEBEX и др.), покрај видеоконференциската платформа Microsoft Teams, должни се за тоа писмено да го известат продеканот за настава на Факултетот.
8. Одлуката стапува во сила со денот на нејзиното донесување.
9. По еден примерок од Одлуката да се достави до наставниците на Факултетот, продеканот за настава, секретарот, раководителот на Одделението за студентски прашања, правни и општи работи, советникот за ИКТ и архивата на Факултетот.

ДЕКАН,
Проф. д-р Сашо Георгиевски